ЈЗУ-ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ 248-0201 09-04-20 КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ 05-659/2 16-04-20 КОЧАНИ

# Договор

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст : **Корисник на услугата ) и**

2. **Центар за јавно здравје Кочани**, со седиште на ул. „Милан Зечар" бр.21 Кочани, ДБ: 4013993100080 и ЕМБС: 4695259, жиро с-ка 100000000066005, с-ка на буџетски корисник 660130008353178- Народна Банка на Р.М., застапувано од одговорното лице Директорот Гоце Серафимов (во натамошниот текст: **Вршител на услугата**).

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е :

**Спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести**

**ДЕЛ 1. Основна физичко-хемиска и бактериолошка анализа на вода**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на оглас бр.04974/2020 од 19.03.2020 год., објавен на ЕСЈН, а согласно одлука за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка од 19.03.2020 г.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Вкупната договорена вредност што може да се плати во текот на една година за ДЕЛ 1 од предметот на набавка **ДЕЛ1. Основна физичко-хемиска и бактериолошка анализа на вода**, согласно првична/конечна понуда изнесува: **138.900,00 ден. без вклучен ДДВ.**

Вршителот на услугата не е ДДВ обврзник.

Единечните цени за вршење на конкретните услуги се преземени и утврдени од првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН и истите се опишани во следнава табела:

**ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА ДЕЛ1: Основна физичко-хемиска и бактериолошка анализа на вода,**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ДЕЛ 1** | **Основна физичко-хемиска и бактериолошка анализа на вода** | **Един.мерка** | **Количина** | **Единична цена без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ (4x5)** |

| Ред.бр. | Вид на услуга | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Контрола на безбедноста на водата за пиење** | | | | |
| 1.1 | Микробиолошка анализа на водата за пиење од јавните водоводи на 5 планински села<br>4 пати годишно | анализи | 20 | 1900 | 38 000 |
| 1.2 | Микробиолошка анализа на водата за пиење од 6 јавни изворишта на подрачјето на Кочани<br>4 пати годишно | анализи | 24 | 1900 | 45 600 |
| 1.3 | Микробиолошка анализа на водата за пиење од 7 јавни чешми во планинскиот терен<br>2 пати годишно | анализи | 14 | 1900 | 26 600 |
| 1.4 | Вршење на хиперхлорирање | хиперхлор ирање | 5 | 800 | 4000 |
| 2. | **Контрола на водата за капење** | | | | |
| | Микробиолошка анализа на 13 примероци на површински води | анализи | 13 | 1900 | 24 700 |
| | | | | Вкупно: | 138 900 |

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 и 2021 год., Програма Р10, ставка 425630.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши по доставена фактура, испратница и Извештај/потврда за конкретно извршена услуга, согласно техничката спецификација, а по понудени цени во првичната/конечна понуда на Вршителот на услугата.

Плаќањето ќе се врши во рок од 30 /триесет/ дена сметано од денот на поднесување на фактурата и придружните документи во архивата на Корисникот на услугата.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

***Начин и рок извршување на услугите***

**Член 5**

Набавката ќе се врши сукцесивно, согласно потребите и определената динамика од страна на Корисникот на услугата, по претходно доставено писмено барање од задолжено/овластено лице кај Корисникот на услугата.

*Права и обврски на договорните страни*

**Член 6**

Вршителот на услугата е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација, по поднесено барање од страна на Корисникот на услугата, а согласно прописите и правилата на струката за вршење на ваков вид на услуга.

Ако Вршителот на услугата не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 7**

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор.

*Времетраење на важност на договорот*

**Член 8**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од 13.06.2020 год., освен ако пред тоа не бидат потрошени средствата од Договор бр.05-789/2 од 12.06.2019 год. Во тој случај овој договор ќе започне да се применува пред тој датум.

Времетраењето на важноста на договорот може да заврши доколку се потрошат средствата предвидени за негова реализација.

*Завршни одредби*

**Член 9**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 11**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 12**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 13**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 14**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила на денот на потпишувањето.

*за Вршителот на услугата,*
*Директор,*

_____________________
*( Гоце Серафимов )*

*за Корисникот на услугата,*
*Градоначалник,*

_____________________
*( Николчо Илијев )*

Составен дел на овој Договор е :
- Техничка спецификација

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***
***Согласен : Раководител на Одделение за јавни дејности – Голубинка Георгиева***
***Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева***

## ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

**За Спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести**

**(делива набавка)**

(ДЕЛ 1: Основна физичко-хемиска и бактериолошка анализа на вода, и ДЕЛ2. Општа дератизација)

*Вовед:*

Оваа постапка се спроведува во согласност со мерките и активностите планирани во Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година (согласно Стручен елаборат од Центарот за јавно здравје Кочани за 2020 година) донесена на седница на Советот на Општина Кочани под бр.09-2545/1 од 13.12.2019 година (и објавена во „Службен весник на Општина Кочани“ бр.13/2019.

Општите мерки и активности кои треба да се реализират со оваа набавка имаат за цел организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението на подрачјето на општина Кочани. За таа цел, за заштита на населението од заразни болести, преку реализацијата на оваа постапка за јавна набавка, Општина Кочани ќе настојува да се спроведат следните општи мерки за заштита на населението од заразни болести кои се предмет на јавната набавка и тоа:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење во руралните средини;
2. Обезбедување на исправна вода во Градскиот базент за рекреативни потреби и
3. Превентивна дератизација.

**ДЕЛ 1: Основна физичко-хемиска и бактериолошка анализа на вода**
Вршење на основна физичко-хемиска и бактериолошка анализа на вода опфаќа:

- Контрола на безбедноста на водата за пиење од јавни изворишта и
- Контрола на водата за капење.

*Контрола на безбедноста на водата за пиење*

1). Заради следење квалитетот на водата во планинските населби и обезбедување на безбедна вода за пиење на жителите во ридско-планинските села: Полаки, Нивичани, Лешки, Јастребник, Панталеј, Рајчани и Пресека, кои се ридско – планински села и не се поврзани на Регионалниот водовод-Кочани потребно е да се изврши **испитување на <u>вкупно 58 примероци на вода за пиење од јавни изворишта</u>** и тоа:

- 4 пати годишно ќе се следи квалитетот на водата од јавните водоводи на 5 планински села (Полаки, Нивичани, Лешки, Јастребник и Пантелеј).

**(4 X 5 = 20 анализи)**

- 4 пати во годината ќе се следи квалитетот на водата за пиење од 6 јавни изворишта на подрачјето на Кочани (Усова чешма, Белска чешма, Минова чешма, Партизанска чешма, Милева помпа и помпата кај Бавчалук).
  **(4 x 6 = 24 анализи)**

- 2 пати годишно ќе се следи квалитетот на водите од 7 јавни чешми во планинскиот терен (две чешми во с.Рајчани и една чешма во с. Лешки, Шарена чешма, Арамиска чешма, Партизанска чешма кај Пониква и чешма кај Преслап.
  **(2 x 7=14 анализи)**

2). Општина Кочани по препорака на институцијата надлежна за следење и контрола на квалитетот на водата според извршените испитувања на земените примероци од водата од јавните изворишта и јавните чешми ќе врши хипер-хлорирање на водата од јавните водоснабдителни објекти, каде истото е изводливо.

**(Хипехлорирање - 5 анализи)**

Врз основа на извршеното испитување и следење на квалитетот на водата, **носителот на набавката** ќе предлага мерки за заштита на квалитетот и исправноста на водата, а резултатите од испитувањето ќе ги доставува до договорниот орган и надлежната инспекциска служба, а по потреба ќе се врши хипер-хлорирање на водата од јавните водоснабдителни објекти каде истото е изводливо и ќе изготвува годишна информација за состојбата за водоснабдувањето и процена на ризик. Општина Кочани, врз основа на извршените анализи, по потреба, ќе презема и други контролни мерки, вклучувајќи го и информирањето на населението со поставување на натписи на небезбедни извори за водоснабдување.

*Контрола на водата за капење*

Заради обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби, со цел заштита од загадување на водата во можните капалишта езерото Гратче и Оризарска река во горниот тек, Општина Кочани има потреба од испитување на водата за капење и за таа цел е потребно :

- **да се испитаат 13 примероци на површински води** и тоа: 4 примероци вода од езерото „Гратче (секоја сезона по еден примерок) и 8 примероци вода од Кочанска река од три локации (влез на градот-два примерока, излез-два примерока) и на точно определено место и растојание, после пречистителната станица (четири примерока) како и 1 (еден) примерок вода од горниот тек на Оризарска река.

**(вкупно: 13 анализи)**

Испитувањата се неопходни, за да се утврди квалитетот на површинските води и можноста за спортски активности и рекреативно капење, и да се одбележи местото за капење..

Согласно извршеното испитување, носителот на набавката треба да предложи мерки за заштита на водите за капење, а резултатите од испитувањето да ги испрати до договорниот орган Општина Кочани.

Договорниот орган го задржува правото да ја определи, односно измени динамиката (временскиот период на реализација) и количината (број на анализи) на вршење на услуги предмет на овој дел на предметот на набавка.

**Контрола/надзор над реализација на услугите предмет на јавната набавка:** Заради следење на реализацијата на услугите од ДЕЛ1 на предметот на набавка договорниот орган ќе определи лице/а вработено/и во општинската администрација и ќе ангажира стручни лица претставници од Центарот за јавно здравје Кочани за контрола и надзор на активностите кои треба да ги спроведе носителот на набавката. Доколку носител на договорот за јавната набавка е ЦЈЗ Кочани, во контролата на реализацијата на предметните услуги ќе бидат ангажирани само лице/а вработено/и во општинската администрација, а во случај на потреба доколку Општината оцени може да ангажира други стручни лица од др.центри за јавно здравје и/или др.надлежни за тоа институции.

**ДЕЛ 2. ОПШТА ДЕРАТИЗАЦИЈА**

Општина Кочани планира да спроведе општа дератизација, два пати годишно, пролетна и есенска дератизација, во април и во ноември 2020 година со вкупно 500 кг. кумарински препарати, од кои со по 250 гр кумарински препарати за една дератизација, а кои ги обезбедува носителот на набавката. Дератизација ќе се врши на следниот начин :

- Третирање на градската депонија со по 10 кг на кумарински мамци, и
- Третирање на канализационите системи во Кочани и селата: Оризари, Прибачево, Грдовци, Мојанци, Горни Подлог, Долни Подлог и Трќање со 240 кг на кумарински мамци (Кочани 100кг. + 7 села по 20 кг),

односно на подрачјето на општина Кочани ќе се врши општа дератизација два пати со по 250 кг кумарински препарат.

Договорниот орган го задржува правото да ја определи, односно измени динамиката (временскиот период на реализација) и количината (кг на кумарински мамци / број на шахти) на третирање за овој дел на предметот на набавка.

**Контрола/надзор над реализација на услугите предмет на јавната набавка:** Заради следење на реализацијата на услугите од ДЕЛ2 на предметот на набавка договорниот орган ќе определи лице/а вработено/и во општинската

администрација и ќе ангажира стручни лица претставници од Центарот за јавно здравје Кочани за контрола и надзор на активностите кои треба да ги спроведе носителот на набавката. Доколку носител на договорот за јавната набавка е ЦЈЗ Кочани, во контролата на реализацијата на предметните услуги ќе бидат ангажирани само лице/а вработено/и во општинската администрација, а во случај на потреба доколку Општината оцени може да ангажира други стручни лица од др.центри за јавно здравје и/или др.надлежни за тоа институции.

Техничката спецификација за целиот предмет на набавка е изготвена во согласност со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година донесена од Советот на Општина Кочани.

***Одделение за јавни дејности***

***Раководител***

***Голубинка Георгиева***